СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

**ЈАВЕН ПОВИК**

за учество на 51-та седница на Собранието на акционерите на
Стопанска банка АД - Скопје

Врз основа на член 27 и член 29 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 438/31.5.2022 година, пречистен текст), Надзорниот одбор на СБ, на седницата одржана на 28.4.2023 година, донесе Одлука за свикување на 51-та седница на Собранието на акционери на СБ (Н.О. бр. 31/2023 од 28.4.2023 година).

Седницата на Собранието ќе се одржи на **30 мај, 2023 година** (вторник), во 11.00 часот во седиштето на СБ, Централа, на ул. „11 Октомври", бр. 7, 1000 Скопје (влез во Градскиот трговски центар).

За работа на 51-та седница на Собранието на акционери, Надзорниот одбор на СБ го предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на претседавач, нотар и бројач на гласови;
2. Разгледување на Записникот од 50-та седница на Собранието на акционери одржана на 31 мај 2022 година;
3. Разгледување на Извештај за процена на вредноста на акциите на Стопанска банка АД – Скопје, изготвен од консултантската куќа ,,Ернст и Јанг,, ;
4. Разгледување на предлози поднесени од акционерите:
    - 4.1. Предлог за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции поднесен од имател на приоритетни акции;
    - 4.2. Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции поднесен од имател на приоритетни акции;
    - 4.3. Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции поднесен од група на иматели на приоритетни акции кои представуваат 10,9% од приоритетните акционери;
    - 4.4. Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции поднесен од Национална Банка на Грција С.А. Атина;
5. Донесување на Одлука за ре-именување на член на Надзорен одбор;
6. Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2022 година;
7. Донесување на Одлука за усвојување на Консолидирана Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2022 година;
8. Разгледување и усвојување на Финансиските Извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2022 година со писмено мислење од Надзорниот одбор;
9. Разгледување и усвојување на Консолидирани Финансиски Извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2022 година со писмено мислење од Надзорниот одбор;

10. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД - Скопје во 2022 година со писмено мислење од Надзорниот одбор;
11. Донесување Одлука за распоредување на добивката за 2022 година;
12. Донесување Одлука за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите;
13. Донесување Одлука за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите;
14. Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2022 година;
15. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2022 година;
16. Донесување Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2023 година; и
17. Донесување на Политика за наградување на Стопанска банка АД – Скопје;

Се повикуваат акционерите на СБ да го пријават своето учество на седницата на Собранието со доставување на: писмено овластување издадено од надлежен орган на акционерот (за правни лица) или лично потпишана пријава (за физички лица), најмалку 3 (три) дена пред одржувањето на седницата, а најдоцна во рокот предвиден со Законот за трговски друштва, на горенаведената адреса, со назнака: „За Кабинет на Претседател на Управен одбор“, или по електронски пат на е-пошта: sobranie@stb.com.mk, со доставување на овластувањето или изјавата во скенирана форма.

Акционерите на СБ можат да гласаат по точките од дневниот ред објавени во Јавниот повик и со пополнување на Образец за гласање со коресподенција, кој е објавен на официјалната интернет - страница на Банката во делот „Собрание на акционери – документација“, на следниот линк: www.stb.com.mk. Уредно пополнетиот Образец за гласање со коресподенција, акционерите треба да го достават во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот-физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот правно лице. За потребите на идентификација, заедно со пополнетиот Образец за коресподенција, акционерот-физичко лице потребно е да достави и копија од документ за идентификација (лична карта). За потребите на идентификација, заедно со пополнетиот Образец за коресподенција, акционерот-правно лице е потребно да достави и копија од важечка тековна состојба на правното лице и копија од документ за идентификација (лична карта) на законскиот застапник на правното лице. Пополнетиот Образец за коресподенција во оригинал заедно со погоре наведените документи за идентификација, со назнака „за Собрание на акционери“ треба да бидат примени во седиштето на Стопанска банка АД – Скопје, на улица „11 Октомври“ бр. 7, 1000 Скопје, најдоцна до 30.5.2023 година до 11.00 часот.

Секој акционер може да овласти свој полномошник на собранието на акционери, на начин и под услови утврдени со закон, со потпишување на писмено полномошно. Секој акционер кој дал писмено полномошно и назначил свој полномошник е должен да ја извести Банката со писмено известување на горенаведената адреса и назнака, или по електронски пат на: sobranie@stb.com.mk со доставување на полномошното во скенирана форма, во спротивно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Собранието на акционери ќе одлучува само за прашања што се уредно ставени на дневниот ред во согласност со Статутот на банката и Законот за трговски друштва.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на јавниот повик за свикување на Собранието, односно најдоцна до 6.5.2023 година, да предложат дополнување на предложениот дневен ред со барање за вклучување нови точки или одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка. Предлагањето точки/одлуки по дневниот ред се врши со писмено известување доставено на горенаведената адреса и назнака или по електронски пат на е-поштата: sobranie@stb.com.mk.

Предлогот се доставува во писмена/скенирана форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционери (и) физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер(и) правно лице. Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

1. За акционер-физичко лице, се приложува:
    - Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 дена, и
    - Копија од лична карта или пасош.

2. За акционер-правно лице, се приложува:
    - Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 дена,
    - Последна тековна состојба од Централен регистар во оригинал не постара од 7 дена, и
    - Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Акционерите имаат право да поставуваат прашања по точките од дневниот ред. Правото да се поставуваат прашања од акционерите и обврската на друштвото да одговори на поставените прашања може да се ограничи само поради одржувањето на ред во заседавањето и работата на собранието, или преземање активности за зачувување на доверливоста во работењето и деловните интереси на друштвото.

Одговорите на поставените прашања на седница на собранието на друштвото ќе бидат објавени на интернет - страницата на Банката www.stb.com.mk во форма на прашање и одговор.

Прашањата се доставуваат во писмена форма во оригинал на горенаведената адреса и назнака, или по електронски пат во скенирана форма на е-пошта: sobranie@stb.com.mk, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер(и) физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот зсатапник на акционер(и) правно лице. Заедно со прашањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

1. За акционер - физичко лице, се приложува:
    - Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 дена, и
    - Копија од лична карта или пасош.
2. За акционер - правно лице, се приложува:

- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 дена,
- Последна тековна состојба од Централен регистар во оригинал не постара од 7 дена, и
- Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Гласањето по точките од дневниот ред се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Материјалите по предлог – дневниот ред и останати информации, согласно важечката законска регулатива, ќе бидат во целост достапни на увид на акционерите во Централата на СБ (3 кат, канцеларија бр. 306), секој работен ден од 12.00 до 15.00 часот, а ќе бидат објавени и на интернет - страницата на Банката www.stb.com.mk од денот на објавувањето на овој Јавен повик.

**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**